РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

Арх. бр. 02-3609/1
13.11.2026 година
Скопје

Врз основа на член 37 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 178/2021, 58/2024, 124/2025), член 64, член 65 и член 66 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, член 44 од Статутот на Стоматолошкиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј” Скопје, а во врска со член 17, став 1 и член 22 од Статутот на Факултетското студентско собрание на Стоматолошкиот факултет-Скопје, деканот на Факултетот, проф. д-р Соња Апостолска, на ден 12.11.2026 година ја донесе следнава

О Д Л У К А
За распишување избори за членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Стоматолошкиот факултет – Скопје и именување на Изборна комисија

Член 1

Се распишуваат избори за членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Стоматолошкиот факултет – Скопје со мандат од една година и со право на уште еден избор.

Член 2

Изборите за членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Стоматолошкиот факултет – Скопје ќе се одржат на ден 14.12.2026 година (понеделник), со почеток од 9:00 часот до 13:00 часот, во компјутерскиот центар на Стоматолошкиот факултет -Скопје.

Член 3

Изборите за членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Стоматолошкиот факултет – Скопје ќе се спроведуваат во работни денови во текот на неделите за настава во зимскиот семестар од учебната 2026/27 година.

Член 4

Се именува изборна комисија за спроведување на избори за членови и претседател на факултетското студентско собрание на Стоматолошкиот факултет – Скопје во следниот состав:

1. Орхидеа Симоновска - претседател;
2. Наташа Јованова – член;
3. Радица Спасова - член;
4. Проф. д-р Наташа Ставрева – член и
5. Проф. д-р Ирена Гавриловиќ – член.

Член 5

Се задолжува Изборната комисија да работи согласно Статутот на Факултетското студентско собрание на Стоматолошкиот факултет – Скопје и согласно Упатството за спроведување на избори за членови и претседател на факултетското студентско собрание на Стоматолошкиот факултет – Скопје.

Член 6

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Доставено до: Комисијата; архивата на ФСС-СФ ; архивата на Факултетот

Д Е К А Н
Проф. д-р Соња Апостолска

Изготвил: Елизабета Алексовска
Проверил: проф.д-р Василка Ренцова,продекан за настава
Одобрил:, дил.правник Александар Танушевски, секретар